**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.*12210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
[www.probistip.gov.mk](http://www.probistip.gov.mk) [info@probistip.gov.mk](mailto:info@probistip.gov.mk)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Бр. 10– 1164/3 од 22.12.2021 год.**
Пробиштип

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20 год.) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Прбиштип за 2021 година со Одлука Број 26-928/16 од 30.11.2020 год., објавена во „Сл.Гласник" на Општина Пробиштип Бр.42/2020 год., донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За спроведување на јавен увид по**

## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА КП 1389 И 1390 КО ДОБРЕВО- ОПШТИНА ПРОБИШТИП

### Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира **Јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1389 и 1390 КО Добрево - општина Пробиштип**, со Тех.бр.329/21 од декември 2021 год., изработен од страна на планерската куќа Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ТЕКТОН" ДООЕЛ - Скопје.

### Член 2

Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1389 и 1390 КО Добрево - општина Пробиштип се наоѓа североисточно од градот Пробиштип во м.в. Завој, КО Добрево, општина Пробиштип. Пристапот до проектниот опфат е од постоен некатегоризиран пристапен пат од западната страна и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација. Во границите на планскиот опфат нема постојни објекти.

Границите на проектниот опфат се:

- **Север** - КП 1385и 1391/1 КО Добрево;
- **Исток** – КП 1388 КО Добрево;
- **Југ** – КП 1385 и 1386 КО Добрево;
- **Запад** – КП 1385 КО Добрево.

Апроксимативна површина на проектен опфат е **0.499 ха**.

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.*12210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk

Со овој урбанистички проект се планира градба од групата на класи на намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани. Во рамки на предметниот проектен нема изградени објекти и истиот не е опремен со комунална инфраструкутра. Со планирањето на нова градежна парцела ќе се овозможи задоволување на потребите за изградба на фотоволтаична централа со капацитет од 1 MW.

Во границите на планскиот опфат планирана е **1 градежна парцела** со следните основни класи на намена:

**-Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури**

- **Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани**

со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20 и 219/21год.).

Целта на изработката на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1389 и 1390 КП Добрево - општина Прпбиштип е да се оформи градежна парцела за изградба на фотоволтаична централа за производство на електрична енергија што претставува стратешки потег во обезбедување на енергетска независност како и зачувување на земјиштето од загадување.

## ЈАВЕН УВИД

**На Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1389 и 1390 КО Добрево - општина Пробиштип**, изработен од планерската куќа Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ТЕКТОН” ДООЕЛ - Скопје, со Тех.Бр. 329/21 од декември 2021 год., ќе трае 15 (петнаесет) **дена** во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената ***web*** страна на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, во периодот од **23.12.2021 год.** до **06.01.2022 год.**,за кое време може да се доставaт евентуални забелешки, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при Општина Пробиштип.

Изготвил: Ј.Дукоска диа
Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska Date: 2021.12.22 12:35:13 +01'00'

Одобрил: Б.Станојковски дги
Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski Date: 2021.12.22 12:51:44 +01'00'

**м.п.**

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Градоначалник**
Драган Анастасов

Dragan Anastasov
Digitally signed by Dragan Anastasov Date: 2021.12.22 13:47:52 +01'00'